# ЗАКОН ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

**објавен во „Службен Весник на Р.М“ бр. 142/08 и Одлука на Уставен суд У.бр.233/2008-„Службен весник на Р.М“ бр 62/2009, 64/09, 156/2009, 166/2010 53/2011, 185/2011,44/2012 и Одлука на Уставен суд У бр. 157/2011 од 14.11.2012 година -Сл. весник на РМ број 150/29.11.2012 година, 15/2013, 91/28.06.2013, 170/06.12.2013, 97/26.06.2014 година, 113/29.07.2014, 180/05.12.2014, 188/2014, 20/12.02.2015, 48/25.03.2015 година, 129/2015, 217/2015, 190/2016, 171/2017, 35/2018, 247/18 и 3 од 03.01.2025 година**

## Глава I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат видовите на придонеси за задолжително социјално осигурување (во натамошниот текст: придонеси), обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка, роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите.

### Член 2

Со плаќање на придонесите се обезбедуваат средства за финансирање на задолжителното социјално осигурување.

### Член 3

Средствата од придонесите се јавни давачки над кои контрола врши Министерството за финансии, а на располагање на институциите за задолжително социјално осигурување, основани со закони кои го уредуваат системот на задолжително социјално осигурување, за намени утврдени во согласност со тие закони.

### Поимник

### Член 4

Поимите кои се употребуваат во овој закон го имаат следново значење:

1. **„Обврзник за плаќање на придонеси“** е осигуреникот во чие име и за чија сметка се плаќаат придонесите;
2. **„Обврзник за пресметка и уплата на придонесите“** е работодавач, самовработено лице, индивидуален земјоделец, верско службено лице, државна институција, орган или организатор кој има обврска на товар и за сметка на обврзникот за плаќање на придонеси да ги пресмета, задржи и уплати придонесите;
3. **„Осигуреник“** е физичко лице задолжително осигурено според законите кои го уредуваат системот на задолжително социјално осигурување;
4. **„Работодавач“** е правно и физичко лице, како и друг субјект (орган на државна власт, орган на единица на локалната самоуправа, подружница на странско друштво, дипломатско и конзуларно претставништво), кое вработува работници врз основа на договор за вработување;
5. **„Плата“** е плата утврдена согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување;
6. **„Дополнителни примања од работен однос“** се исплатите по основ на деловна успешност на работодавачот и надоместоци на плата утврдени со Законот за работните односи и колективен договор;

7. **„Исплата по основ на деловна успешност“** претставува делот кој вработениот го добива по основ на деловна успешност на работодавачот**;**
8. **„Надоместок на плата“** претставува делот кој вработениот го добива по различни основи утврдени со Законот за работните односи и колективен договор;
9. **„Институции за задолжително социјално осигурување“** се Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија;
10. **„Самовработено лице“** е физичко лице кое врши самостојна економска дејност или професионална и друга интелектуална услуга од која остварува приход, во согласност со закон;
11. **“Индивидуален земјоделец”** е лице на кого земјоделската дејност му е единствено занимање и кое остварува приход по основ на вршење на земјоделска дејност.
12. **„Припадник на верско службено лице“** е лице вршител на верски обреди и други верски работи согласно закон и прописите на верската заедница;
13. **„Најниска месечна основица“** е најнискиот износ на кој се пресметуваат и плаќаат придонеси;
14. **„Највисока месечна основица“** е највисокиот износ до кој се пресметуваат и плаќаат придонеси;
15. **„Просечна месечна плата“** е просечен износ на месечна заработка исплатен по вработен во Република Македонија, согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика;
16. **„Странец“** е лице кое не е државјанин на Република Македонија и лице без државјанство;

## Глава II
## ВИДОВИ ПРИДОНЕСИ

### Член 5

Во задолжително социјално осигурување спаѓаат придонесите за:

1. пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата;
2. задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;
3. стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење;
4. здравствено осигурување и
5. осигурување во случај на невработеност.

### Член 6

(1) Средствата собрани од задолжително социјално осигурување од членот 5 точки 1 и 3 на овој закон се приход на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.
(2) Средствата собрани од задолжително социјално осигурување од членот 5 точка 2 на овој закон се лична сопственост на осигуреникот.
(3) Средствата собрани од задолжително социјално осигурување од член 5 точка 4 на овој закон се приход на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.
(4) Средствата собрани од задолжително социјално осигурување од член 5 точка 5 на овој закон се приход на Агенцијата за вработување на Македонија.

## Глава III
## ОБВРЗНИЦИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ

### Обврзник за плаќање на придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување

### Член 7

(1) Обврзник за плаќање на придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување е:

1. Работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локална самоуправа и градот Скопје;
1. -а) извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по основ на работен однос и самовработување
2. Државјанин на Република Македонија кој на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;
3. Државјанин на Република Македонија кој е во работен однос во странство, врши дејност во странство или е упатен на работа во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;
4. Државјанин на Република Македонија вработен во странство во држава во која е задолжително осигурен, но во која правата од пензиско и инвалидско осигурување неможе да ги остварува или неможе да ги користи надвор од таа држава;
5. Самовработено лице;
6. Индивидуален земјоделец;

6-а Физичко лице кое е регистрирано како вршител на самостојна дејност за трговија на мало на тезги и пазари, запишан во регистарот на Комората на трговци на Македонија, доколку не е осигурен по друг основ;

7. Верско службено лице;
8. Привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност, согласно со закон;
9. Инвалид на трудот за време на користење на право на професионална рехабилитација согласно со закон;
10. Самостоен уметник кој со таков статус се здобил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на министерот за култура и туризам;
11. Врвен спортист кој со таков статус се здобил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на Министерството за спорт;
12. Странец кој на територијата на Република Македонија е во работен однос или во служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено.

(2) Обврзник за плаќање придонес е и осигуреникот кој пристапил во продолжено пензиско и инвалидско осигурување согласно со закон.

(3) Обврзник за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење е работодавач за своите вработени на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење,согласно со закон.

**Член 8**

Обврзник за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест е:

1. Ученик и студент за време на практична работа; 1-а
Лице на практикантска работа согласно со закон;
2. Лице на издржување казна затвор и издржување на воспитна мерка во воспитно- поправен дом за време на редовна работа што ја врши во текот на издржувањето на казната, односно мерката;
3. Здравствен работник со високо образование кој стекнува работно искуство за полагање на стручен испит;
4. Невработено лице за време на обука, преквалификација или доквалификација и
5. Граѓанин на Република Македонија кој согласно со важечките прописи е упатен на школување во странство, како и странец кој се наоѓа на школување во Републиката ако државата, чиј граѓанин е тој, исто така постапува со граѓани на Република Македонија, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено.

**Член 9**

(1) Обврзник за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда е и лице кај кое повредата настанала со учество:

1. во акции за спасување или одбрана од елементарни непогоди или несреќи;
2. на работно ангажирање на корисници на социјална помош и невработени лица работно ангажирани за време на вршење на јавни работи;
3. во давање помош на органите за внатрешни работи во вршење на нивната службена должност;
4. на културно-уметнички манифестации и натпревари, организирани од културни и други организации;
5. на натпревари во физичка и техничка култура, организирани од спортски и други организации и
6. во волонтерска работа согласно со закон.

(2) Обврзник за плаќање придонес врз основа на ставот (1) од овој член е и спортист аматер согласно со закон.

**Обврзник за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување**

**Член 10**

(1) Обврзник за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување е:

1. Работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локална самоуправа и градот Скопје;
1-а) извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по основ на работен однос и самовработување
1-б) работник на кој му мирува работниот однос поради користење неплатено родителско отсуство;
2. Државјанин на Република Македонија кој на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;
3. Самовработено лице;
4. Индивидуален земјоделец;

4-а Физичко лице кое е регистрирано како вршител на самостојна дејност за трговија на мало на тезги и пазари, запишан во регистарот на Комората на трговци на Македонија, доколку не е осигурен по друг основ;
5. Верско службено лице;
6. Привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност.
7. Државјанин на Република Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на Република Македонија непосредно пред засновањето на работниот однос во странство - за членовите на семејството кои живеат во Република Македонија;
8. Корисник на пензија и надоместок на плата според прописите на пензиското и инвалидското осигурување,
9. Државјанин на Република Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување од држава со која Република Македонија нема склучено/превземено Договор за социјално осигурување или пак Република Македонија има склучено/превземено Договор за социјално осигурување, во кој не е регулирана можноста за остварување на право на здравствено осигурување, додека престојува на територијата на Републиката;
10. Лице корисник на постојана парична помош; лице со статус на признаен бегалец; лице под супсидијарна заштита; лице сместено во згрижувачко семејство; лице сместено во установа за социјална заштита (за институционална и вонинституционална заштита); корисник на паричен надоместок за помош и нега од друго лице; лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користи социјална парична помош; лице - жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита согласно Законот за семејството и лице опфатено со организирано самостојно живеење со поддршка, како и дете со пречки во развојот и со специфични потреби за кое се користи право на посебен додаток согласно со Законот за заштита на децата, ако не може да се осигурат по друга основа.
11. Странец кој на територијата на Република Македонија е во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва ако со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;
12. Странец кој се наоѓа на школување или стручно усовршување во Републиката ако со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;
13. Лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор (ако не е осигурено по друга основа), и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно - поправен дом, односно установа;
14. Учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна, лицата прогонувани и затварани за идеите на самобитноста на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи и членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Македонија, загинати во војните при распадот на СФРЈ.
15. Граѓани на Република Македонија кои не се дефинирани како обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување по една од точките 1 до 14 на овој член.

**Член 10-а**

(1) Граѓанинот кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од членот 10 став (1) точки 1 до 14 од овој закон, правата од здравственото осигурување ги остварува,

доколку во претходната календарска година остварил приход кој не е поголем од годишниот нето износ на минималната плата за претходната година согласно со закон.

(2) Граѓанин кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од членот 10, став (1) точки 1 до 14 на овој закон, правата од здравственото осигурување во тековната година може да ги оствари и ако во претходната календарска година остварил приход поголем од приходот утврден во ставот (1) на овој член, но не и поголем од годишниот износ на минимална основица за пресметка и плаќање на придонесите, согласно со членот 15 став (1) од овој закон, единствено во случај ако во претходните два месеци остварил приход помал од износот на минималната плата за претходната година согласно со закон на месечно ниво.

(3) Во износите од ставовите (1) и (2) на овој член спаѓаат приходите на сите членови на семејството, согласно со Законот за здравствено осигурување и истите не ги опфаќаат приходите остварени по основ на:

- награди што ги доделуваат меѓународните организации, награди за животни достигнувања во науката,културата и спортот, стипендии и кредити на ученици и суденти што ги доделуваат органите на државната управа и фондации во согласност со закон, награди на ученици и студенти за време на задолжителна практична работа и обука, награди на ученици и студенти освони на натпревари во рамките на образовниот систем, награди на спортисти за постигнати резултати на официјални меѓународни натпревари и стипендии за спортисти;
- надоместок на лицата волонтери согласно со Законот за волонтерство;
- детски додаток, посебен додаток за дете, еднократна помош за новороденче и родителски додаток;
- надоместок во случај на смрт;
- помош за претрпени штети од елементарни непогоди;
- права на парична помош од социјална заштита утврдени согласно со Законот за социјална заштита;
- надоместок за телесно оштетување;
- надоместок на штета по основ на осигурување на живот и имотни осигурувања;
- алиментации и надоместоци на штета по судска одлука и надоместок на штета како последица на несреќа при работа и
- надоместоци по основ на невработеност, обука, преквалификација, доквалификација и практиканство на невработени лица.

(4) Износите од ставовите (1) и (2) на овој член ги објавува Фондот за здравствено осигурување на својата веб страница најдоцна до крајот на јануари во тековната година, врз основа на објавените податоци за минимална нето плата од страна на Министерство за економија и труд за претходната година и податоците објавени од Државниот завод за статистика.

(5) Граѓанинот кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од членот 10 став (1) точки од 1 до 14 од овој закон правата од здравственото осигурување во тековната година ги остварува согласно со прописите од областа на здравственото осигурување, врз основа на остварените нето приходи во претходната година.

**Член 10-б**

Граѓаните кои не се дефинирани како обврзници за плаќање на задолжителен придонес за здравствено осигурување според членовите 10 и 10-а од овој закон, можат да станат обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување заради користење на правата на здравствени услуги во тековната година дефинирани во законот кој го уредува системот на здравственото осигурување, врз основа на остварените нето приходи во претходната година.

### Член 11

Обврзник за плаќање на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување е лице од членот 10 став (1) точки 1, 2 и 3 и членот 8 став (1) точка 1-а на овој закон.

### Обврзник за плаќање на придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност

### Член 12

(1) Обврзник за плаќање на придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност е:

1. Работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локална самоуправа и градот Скопје;
2. Државјанин на Република Македонија кој на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски или конзуларни претставништва или е во лична служба на странски дипломатски или конзуларни претставништва или е во лична служба на странец, ако со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;
3. Странец кој на територијата на Република Македонија е во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва ако со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија поинаку не е определено;
4. Работник кој прима надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа согласно со закон.

(2) Обврзник за плаќање придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност е и осигуреникот кој пристапил во продолжено осигурување согласно со закон.

## Глава IV
## ОБВРЗНИЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ

### Член 13

(1) Обврзник за пресметка и уплата на придонеси е:

1. Работодавач за своите вработени и за лицата од членот 8 став (1) точка 1-а) од овој закон;

1-а) Исплатувач на паричен надоместок за обврзникот за плаќање на придонес од член 7 став (1) точка 1-а) и член 10 став (1) точка 1-а) од овој закон;

2. самовработеното лице, сами за себе;
3. Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за индивидуален земјоделец и за лицата од членот 7 ставови (1) точки 3,4,7 и 12 и (2) и членот 8 став (1) точка 5 од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;
3. -а) Фондот за здравствено осигурување на Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за индивидуален земјоделец и за лицата од членот 10 став (1) точки 5,7,9,11 и 12 и членот 10-б од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;
4. Работодавач или Фондот за здравствено осигурување на Македонија за работник кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, согласно со закон;
5. Министерство за здравство за лицата од членот 10 став (1) точки 1-б) и 15 на овој закон.

6. Агенција за вработување на Република Македонија за лицата од членовите 7 точка 8, 8 став (1) точка 4 и 10 став (1) точка 6 на овој закон,а за лицата од членот 12 став (2) на овој закон Агенцијата е обврзник за пресметка, додека обврзници за уплата на придонеси се лицата сами за себе;
7. Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за лицата од членот 7 став (1) точка 9 и членот 10 став (1) точка 8 на овој закон;
8. Управата за извршување на санкции за лицата од членот 8 став (1) точка 2 и членот 10 став (1) точка 13 на овој закон;
9. Установа од областа на образованието за лица од членот 8 став (1) точка 1 на овој закон;
10. Надлежен орган на државната управа за лица од членот 7 став (1) точки 10 и 11, членот 8 став (1) точка 3 и членот 10 став (1) точки 10 и 14 на овој закон и за работник кој зема надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство;
11. Организаторот за лицата од членот 9 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој закон;
12. Професионален спортски клуб за лицето од членот 9 став (2) на овој закон.
13. Извршител за обврзник за плаќање за кој има спроведено наплата од парични средства за придонеси по основ извршување на судска пресуда;
14. Стечаен управник за обврзник за плаќање вработен кај должникот кого го застапува и претставува, за месеци пред отварање на стечајната постапка, доколку распределениот дел од стечајната маса за придонеси е помал од обврската за придонеси пресметана од должникот и
15. Комората на трговци на Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за лицата од членот 7 став (1) точка 6-а) и членот 10 став (1) точка 4-а) од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе.

## Глава V
## ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИТЕ

### Член 14

(1) Основица за пресметка и плаќање на придонеси е:

1. Плата, дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за лице во работен однос;

1-а) паричен надоместок на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво;

2. Плата за работа со скратено работно време, односно за часовите поминати на работа, и дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за работник кој работи со скратено работно време;
3. Просечна плата во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, за лицето од членот 7 став (1) точки 10 и 11 и лицето од членот 10 став (1) точка 13.
4. Месечната аконтација на нето приходот, односно на паушално утврдениот нето приход на кој се плаќа данок, согласно со Законот за персонален данок на доход, за самовработено лице.

4-а) Просечна плата на работникот остварена во годината пред престанокот на задолжителното осигурување, усогласена со просечниот годишен пораст на платите во Републиката, за лицата кои пристапиле во продолжено пензиско и инвалидско осигурување, согласно со закон.

5. Просечна плата на работникот остварена во година пред упатување на работа во странство, усогласена за просечен месечен пораст на платите кај работодавачот или просечната плата во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, доколку нема податок за просечна плата на работникот остварена во годината

пред упатување на работа во странство, за работник кој е упатен на работа во земји со кои Република Македонија нема склучено или преземено договор за социјално осигурување, за работник кој е упатен на работа во странство од работодавач;

6. Просечна плата на работникот остварена во година пред упатување на работа во странство, усогласена за просечен месечен пораст на платите кај работодавачот и платата што ја прима во странство или просечната плата во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, доколку нема податок за просечна плата на работникот остварена во годината пред упатување на работа во странство и платата што ја прима во странство, во земји со кои Република Македонија има склучено или преземено договор за социјално осигурување, за работник кој е упатен на работа во странство од работодавач;
7. Пензијата, односно надоместокот според прописите на пензиското и инвалидското осигурување, за корисник на домашна пензија;
8. Надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, за корисник на паричен надоместок;
9. Надоместок за скратено работно време за нега и чување на потешко хендикепирано дете, за корисник на надоместок;
10. Надоместок на плата за време на професионална рехабилитација, за корисник на надоместок;
11. Надоместок во случај на невработеност, за невработени лица корисници на паричен надоместок за време на привремена невработеност;
12. 20% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика за индивидуален земјоделец и за лицата од членот 7 став (1) точка 6-а) и членот 10 став (1) точка 4-а) од овој закон.
13. просечна плата во Републиката објавена во тековниот месец за:

- државјанин на Република Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на Република Македонија непосредно пред засновањето на работниот однос во странство – за членовите на семејството кои живеат во Република Македонија и
- државјанин на Република Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување од држава со која Република Македонија нема склучено/превземено Договор за социјално осигурување или пак Република Македонија има склучено/превземено Договор за социјално осигурување, во кој не е регулирана можноста за остварување на право на здравствено осигурување, додека престојува на територијата на Републиката;

14. 50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика:

- верско службено лице,
- лице корисник на постојана парична помош; лице со статус на признаен бегалец; лице под супсидијарна заштита; лице сместено во згрижувачко семејство; лице сместено во установа за социјална заштита (за институционална и вонинституционална заштита); корисник на паричен надоместок за помош и нега на друго лице; лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користи социјална парична помош; лице жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита согласно со Законот за семејството и лице опфатено со организирано самостојно живеење со поддршка како и дете со пречки во развојот и со специфични потреби за кое се користи право на посебен додаток согласно со Законот за заштита на децата, а не може да се осигурат по друга основа.

- лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор, ако не е осигурено по друга основа, и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно - поправен дом, односно установа,
- лицата од членот 10 став (1) 1-б) и 15 на овој Закон,
- учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна, лицата прогонувани и затварани за идеите на самобитноста на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи и членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Македонија, загинати во војните при распадот на СФРЈ и
- лицата од членовите 8 и 9 на овој закон.
- самовработено лице до истекот на првата календарска година во која започнала со вршење на дејност.
- лицата од членот 10-б) од овој закон.

15. Основицата за придонеси утврдена во судската пресуда, за обврзникот од членот 13 став (1) точка 13) од овој закон;
16. Износот од стечајната маса што е распределен за уплата на придонеси, за обврзникот од членот 13 став (1) точка 14) од овој закон.

(2) По лично барање, осигуреникот – самовработено лице, верско лице и индивидуален земјоделец, придонесите може да ги плаќа и на повисока основица.

(3) Плата која се прима во странска валута, поради утврдување на основицата на придонесите од ставот (1) на овој член, се пресметува во денарска противвредност по официјалниот среден курс на Народна Банка на Република Македонија кој важи за последниот ден во месецот за кој придонесите се пресметуваат, односно плаќаат.

## Глава VI
## НАЈНИСКА И НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ

### Член 15

(1) Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година не може да биде пониска од 50% од просечна плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, со исклучок на основицата утврдена во членот 14 став (1) точки 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 на овој закон.

(2) За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година не може да биде пониска од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

### Член 16

(1) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос од еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси е износот од шеснаесет просечни плати.

(2) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од шеснаесет просечни плати.
(3) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од дванаесет просечни плати.
(4) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност изнесува 80% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.
(5) При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.
(6) На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.

## Глава VII
## ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ

### Член 17

(1) Придонесите ги пресметува, задржува и уплатува обврзникот за пресметка и уплата на придонеси при секоја исплата на плата или дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок.
(2) Начинот на пресметка и уплата на придонесите со акт го пропишува министерот за финансии.

### Член 18

(1) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите е должен пресметката да ја врши месечно, поединечно за секој осигуреник, врз основа на основиците утврдени во членот 14 од овој закон за соодветниот месец и податоците за пресметана плата или дел од плата, надоместок на плата, односно друг паричен надоместок и придонеси, да ги доставува до Управата за јавни приходи, најдоцна до 10 во тековниот за претходниот месец, по електронски пат, на начин и постапка утврдена согласно актот од членот 17 став (2) на овој закон.
(2) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите - работодавач од јавен сектор согласно Законот за вработените во јавниот сектор, е должен податоците за обврзниците за плаќање да ги усогласи со регистарот на вработените во јавниот сектор, пред поднесување на месечната пресметка од ставот (1) на овој член.
(3) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите од членот 13 став (1) точка 1-а) од овој закон е должен пресметката на придонесите и надоместокот за обврзникот за плаќање на придонеси од член 7 став (1) точка 1-а) и член 10 став (1) точка 1-а) од овој закон, да ја врши поединечно за секој осигуреник, врз основа на основиците утврдени во членот 14 од овој закон. Податоците за пресметаните придонеси и надоместок е должен да ги доставува до Управата за јавни приходи пред исплатата на надоместокот, по електронски пат, на начин утврден со актот од членот 17 став (2) од овој закон.
(4) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите од членот 13 став (1) точка 13) од овој закон е должен месечната пресметка до Управата за јавни приходи да ја достави во рок од пет дена по денот на спроведеното извршување од парични средства од обврзникот за пресметка и уплата на придонесите, по електронски пат, на начин утврден со актот од членот 17 став (2) од овој закон.
(5) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите од членот 13 став (1) точка 14) од овој закон е должен месечната пресметка до Управата за јавни приходи да ја достави во рок од пет дена по денот на распределбата на стечајната маса, по електронски пат, на начин утврден со актот од членот 17 став (2) од овој закон.

(6) Месечната пресметка од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член ја контролира и потврдува Управата за јавни приходи, пред да се изврши уплата на придонесите кај носителот на платниот промет.

### Член 19

Контрола и потврда на налогот за плаќање врши Министерство за финансии согласно актот од членот 17 став (2) на овој закон.

### Член 20

(1) Уплатата на придонесите се врши кај носителот на платниот промет кај кој обврзникот за пресметка и уплата на придонеси има трансакциска сметка.
(2) Уплатата на придонесите се врши само во парични средства.

### Член 21

Управата за јавни приходи и институциите за задолжително социјално осигурување се должни меѓусебно да разменуваат податоци за обврзниците за плаќање на придонесите, обврзниците за пресметка и уплата на придонесите, основиците на придонесите, износите на пресметани, наплатени и ненаплатени придонеси, како и други службени податоци поврзани со придонесите и персоналниот данок на доход, согласно со закон.

Управата за јавни приходи е должна да разменува податоци со органи и институции за обврзниците за пресметка и уплата на придонесите и обврзниците за плаќање на придонесите за кои согласно закон врши контрола преку месечните пресметки за интегрирана наплата.

### Член 22

(1) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите – работодавач за своите вработени и самовработено лице за своите вработени, согласно со прописите од областа на работните односи е должен да му достави заверена писмена пресметка за пресметаните и уплатените придонеси на обврзникот за плаќање на придонеси најдоцна 15 дена од денот на исплатата на плата или дел од плата, надоместок на плата, односно друг паричен надоместок, како и збирен годишен извештај по истекот на годината најдоцна до 15 февруари наредната година.
(2) Обврзникот за плаќање на придонеси ја известува Управата за јавни приходи, доколку обврзникот за пресметка и уплата на придонесите постапи спротивно на ставот (1) од овој член.

### Член 23

(1) Контролата, утврдувањето, наплатата, присилната наплата, застареноста и отпишувањето на придонесите ги врши Управата за јавни приходи, согласно Законот за даночната постапка.
(2) Институциите за задолжително социјално осигурување вршат дополнителна контрола на утврдувањето на податоци за придонесите, согласно сопствените потреби.
(3) За утврдените состојби од ставот (2) на овој член институциите за задолжително социјално осигурување ја известуваат Управата за јавни приходи.
(4) Управата за јавни приходи може да врши утврдување на придонесите по службена должност и тоа:

- во случај кога обврзникот за пресметка и уплата на придонесите не поднел месечна пресметка, при што основица за пресметка на придонесите е износот на бруто плата пресметана во последната пресметка поднесена од обврзникот за пресметка и уплата на придонесите, односно

просечната бруто плата доколку обврзникот за пресметка и уплата на придонесите претходно нема извршено пресметка на придонесите и
- во постапка на надворешна контрола и друга даночна постапка според утврдената фактичка состојба.

(5) Во постапка на присилна наплата, Управата за јавни приходи може да изврши службено утврдување на обврската за уплата сразмерно на наплатениот износ на придонеси во постапката на присилна наплата.

**Член 23-а**

Доколку обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за прв пат стори неправилност во смисла на членот 22 став (1) од овој закон, овластениот даночен службеник е должен да состави известување за констатирана неправилност со укажување истата да биде отстранета во рок од осум дена. Истовремено овластениот даночен службеник му врачува покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста, согласно Законот за даночна постапка.

## Глава VIII
## РОК ЗА УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ

**Член 24**

(1) Рок на уплата на придонесите е денот на исплатата на плата или дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок.
(2) Денот на исплатата на плата или дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок е ден на доспеаност за плаќање на придонесите.
(3) Доколку плата или дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок не се исплатени, рок на доспеаност за плаќање на придонесите е 15 од тековниот месец за претходниот месец, освен на надоместокот на обврзникот за плаќање на придонеси од член 7 став (1) точка 1-а) и 10 став (1) точка 1-а) од овој закон
(4) За обврзниците за плаќање на придонеси кои се сами за себе обврзници за уплата на придонесите, рок на уплата на придонесите е 15 во месецот за претходниот месец.

## Глава IX
## СТАПКИ НА ПРИДОНЕСИТЕ

**Член 25**

(1) Стапки по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите се:

1. 18,8% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;
2. 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;
3. 7,5% за задолжително здравствено осигурување;
4. 10% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во член 14 точки 11) и 14) алинеи 1, 2, 3 и 5 на овој закон;
5. 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точка 14 алинеја 4 од овој закон;
6. 13% за задолжително здравствено осигурување за обврзникот корисник на домашна пензија кој придонесот го плаќа на износот на пензијата;

7. 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување и
8. 1,2% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

(2) Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење изнесува:

- 9,4% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 18 месеца;
- 7,83% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 17 месеца;
- 6,27% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 16 месеца;
- 4,7% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 15 месеца;
- 3,13% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 14 месеца и
- 1,57% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 13 месеца.

**Член 25-а се Брише**

## Глава X
## ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА И МИРУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ

**Член 26**

За време на мирување на работниот однос кое на вработениот му е одобрено во согласност со законот кој ги уредува работните односи, мирува и обврската за плаќање придонеси, освен ако со закон поинаку не е определено.

## Глава XI
## ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ОБВРЗНИЦИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ

**Член 27**

(1) Личните податоци на обврзниците за плаќање на придонесите може да се обработуваат согласно со целите пропишани со овој закон и во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци.
(2) Личните податоци кои се вклучени во процесите на евидентирање, наплата и прибирање на податоци веднаш се бришат во случаите кога ќе се утврди дека не се точни, или престанале причините, односно условите заради кои личниот податок е вклучен во тие процеси.
(3) Личните податоци на обврзниците за плаќање на придонесите содржани во евиденциите на Управата за јавни приходи и на институциите за задолжително социјално осигурување од нивното внесување, се до нивното бришење смеат да се даваат под услови и на начин предвидени со овој закон и со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци.

## Глава XII
## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 28

Глоба во износ од 1.700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за сторен прекршок доколку, постапи спротивно на членот 22 став (1) од овој закон.

### Член 28-а

Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противредност ќе му се изрече на обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за сторен прекршок, доколку:

- неправилно ја подготви пресметката и уплатата на придонесите ги изврши на погрешен износ и
- постапи спротивно на членот 18 од овој закон.

### Член 28-б

Глоба во износ од 3.500 евра во денарска противредност ќе му се изрече на обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за сторен прекршок, доколку изврши исплата на плата, дел од плата,надоместок од плата,пензија, односно друг паричен надоместок, а не пресмета и уплати придонеси во пропишаниот рок.
Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице и трговец поединец ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице и трговец поединец за прекршокот од став (1) на овој член.
За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице и за одговорното лице во трговец поединец ќе му се изрече и забрана за вршење на должност во траење од 30 дена.

### Член 28-в се брише

### Член 28-г

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците.

### Член 29

Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на обврзникот за плаќање на придонеси доколку не достави известување до Управата за јавни приходи дека обврзникот за пресметка и уплата на придонесите постапил спротивно од членот 22 став (2) на овој закон. **(Се укинува со Одлука на Уставен суд У.бр.233/2008 од 6.05.2009 год.-Службен весник на РМ бр 62/18.05.2009)**

## Глава XIII
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 30

(1) Стапките по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите почнувајќи со исплата на плата за јануари 2011 година се:

1. 18% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;

2. 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;
3. 7,3% за задолжително здравствено осигурување;
4. 10% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во член 14 точки 11 и 14 алинеи 1, 2, 3, и 5 на овој закон;

4-а) 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точка 14 алинеја 4 од овој закон;

5. 13% за задолжително здравствено осигурување за обврзникот корисник на домашна и/или странска пензија кој придонесот го плаќа на износот на пензијата;
6. 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување и
7. 1,2% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

(2) Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење изнесува:

- 9,00% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 18 месеца;
- 7,5% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 17 месеца;
- 6,00% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 16 месеца;
- 4, 5% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 15 месеца
- 3,0% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 14 месеца и
- 1,5% за вршење на работи и задаци на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

**Член 31**

(1) Стапките по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите во 2012, 2013 2014, 2015, 2016 и 2017 година како и во периодот јануари – јуни 2018 година, заклучно со исплатата на плата за месец јуни 2018 година се:

1. 18 % за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;
2. 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;
3. 7.3% за задолжително здравствено осигурување;
4. 10% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точки 11 и 14 алинеи 1, 2, 3, и 5;
5. 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точка 14 алинеја 4 од овој закон;
6. 13% за задолжително здравствено осигурување за обврзникот корисник на домашна пензија кој придонесот го плаќа на износот на пензијата;
7. 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување и
8. 1,2% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

(2) Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење изнесува:

- 9 % за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 18 месеца;
- 7,5% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 17 месеца;
- 6 % за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 16 месеца;
- 4,5 % за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 15 месеца и
- 3 % за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 14 месеца.
- 1,5 % за вршење на работи и задаци на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

(1) Стапките по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите од 1 јули 2018 година, со исплатата на плата за месец јули 2018 година се:

1. 17,6 % за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;
2. 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;
3. 7.3% за задолжително здравствено осигурување;
4. 10% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точки 11 и 14 алинеи 1, 2, 3, и 5;
5. 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точка 14 алинеја 4 од овој закон;
6. 13% за задолжително здравствено осигурување за обврзникот корисник на домашна пензија кој придонесот го плаќа на износот на пензијата;
7. 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување и
8. 1,2% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

(2) Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење изнесува:

- 8,8 % за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 18 месеца;
- 7,33 % за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 17 месеца;
- 5,87 % за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 16 месеца;
- 4,4 % за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 15 месеца и
- 2,93 % за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 14 месеца.
- 1,47 % за вршење на работи и задаци на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

(1)Стапките по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите во 2019 година се:

1. 18,4 % за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;
2. 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;
3. 7.4% за задолжително здравствено осигурување;

4. 10% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точки 11) и 14) алинеи 1, 2, 3, и 5 од овој закон;
5. 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на на основица утврдена во членот 14 точка 14) алинеја 4 од овој закон;
6. 13% за задолжително здравствено осигурување за обврзникот корисник на домашна пензија кој придонесот го плаќа на износот на пензијата;
7. 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување и
8. 1,2% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

(2) Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење изнесува:

- 9,2% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 18 месеца;
- 7,67% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 17 месеца;
- 6,13% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 16 месеца;
- 4,6% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 15 месеца и
- 3,07% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца сметаат во стаж на осигурување како 14 месеца.
- 1,53% за вршење на работи и задаци на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

**Член 32**

Со денот на влегување во сила на овој закон за неуплатените придонеси, како и за започнатите постапки до 1 јануари 2009 за наплата на основниот долг заедно со законската камата за неправилно пресметани и уплатени или неуплатени придонеси и постапките кои ќе започнат по 1 јануари 2009 година, а се однесуваат на настанатите долгови на обврзниците по основ на неуплатени придонеси и неправилно пресметани и уплатени придонеси за периоди до 1 јануари 2009, ќе завршат според Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08 и 98/08) за придонесот за задолжително здравствено осигурување, Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 101/05, 70/06 и 153/07), за придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ број 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07 и 102/08) и ги завршуваат Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**Член 33**

(1) Со денот на примената на овој закон престануваат да важат членовите 174, 175 став 1, 177 ставови 2 и 3, 180, 180-а, 182, 183, 183-а, 184, 185, 185-а, 185-б, 185-в, 185-г, 185-д, 185- ѓ, 185-е, 185-ж, 185-з и 191 став 2
точка 1, ставови 3, 4, 5 и 6 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, членовите 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47 ставови 1, 2 и 3, 48 и 51 од Законот за здравственото осигурување и членовите 95 став 2, 96 и 97 став 4 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

(2) Со денот на примената на овој закон престанува да важи Одлука за стапките, основиците и висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 4/01, 50/01 и 97/08), Одлука за стапката на придонесот од плати за пензиско и инвалидско осигурување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година ("Службен весник на Република Македонија"брроj 97/08), Одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 2009 година до 31.12.2011 година ("Службен весник на Република Македонија" број 97/08), Одлука за стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година ("Службен весник на Република Македонија" број 97/08) и Одлука за стапката на придонесот за вработување од 1 јануари 2009 до 31 декември 2011 година ("Службен весник на Република Македонија" број 97/08).

### Член 34

(1) Управата за јавни приходи може да преземе движен и недвижен имот на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување, Фонд за здравствено осигурување и Агенција за вработување на Република Македонија кои се во функција на вршење на работите од овој закон, со состојба на седмиот ден од влегување во сила на овој закон, согласно извештајот на Комисијата од ставот (3) на овој член.

(2) Техничката и другата документација, како и вработените кои се во функција на вршење на работите од овој закон ќе ги преземе Управата за јавни приходи од институциите за задолжително социјално осигурување, со состојба на седмиот ден од влегување во сила на овој закон.

(3) Владата на Република Македонија формира Комисија составена од претставници од Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Фонд на пензиското и инвалидското осигурување, Фонд за здравствено осигурување, Агенција за вработување на Република Македонија и Управа за јавни приходи за утврдување на движниот и недвижниот имот, техничката и другата документација и вработените од ставовите (1) и (2) на овој член, во рок од пет дена од денот на влегување во сила на овој закон.

### Член 35

Институциите за задолжително социјално осигурување треба да и достават евиденции за обврзниците за плаќање на придонесите и обврзниците за пресметка и уплата на придонесите на Управата за јавни приходи со состојба на 31 декември 2008 година.

### Член 36

Актот од членот 17 став (2) ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

### Член 37

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година, за јануарската плата или дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок. Членот 31 ќе се применува од 1 јануари 2010 година, а членот 25 ќе се применува од 1 јануари 2011 година.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА придонеси од задолжително социјално осигурување* ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**Службен весник на РМ, бр. 64/09**

**Член 13**

(1) Одредбите од членот 10 став 1 точка 16 и членот 13 точка 5 на овој закон ќе се применуваат од 1 јуни 2009 година.
(2) До 31 мај 2009 година обврзник за пресметка и уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување за лицата од членот 10 став (1) точки 6) и 7) на овој закон е Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите на членовите 1, 5, 6, 7 и 10 ќе се применуваат од 1 јануари 2009 година.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**Службен весник на РМ, бр. 156 од 25.12.2009 година**

**Член 2**

Членот 1 од овој закон ќе започне да се применува од 1 јануари 2010 година со исплатата на јануарската плата или дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**Службен весник на РМ, бр. 166 од 22.12.2010 година**

**Член 11**

Актот од членот 1 на овој закон ќе се донесе во рок од 90 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 12**

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 13**

Одредбите од членовите 1 став (2) и 3 на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2011 година

**Член 14**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија”.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**Службен весник на РМ, бр. 53 од 14.04.2011 година Член**

**5**

Министерот за финансии ќе донесе подзаконски акти предвидени со овој закон во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 7**

Во членот 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (Службен весник на Република Македонија број 166/10) дата 1 јули 2011 година се заменуваат со датата 1 септември 2011 година.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе започне да се применува од 1 септември 2011 година.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**Службен весник на РМ, бр. 185 од 30.12.2011 година**

**Член 9**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2012 година.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**Службен весник на РМ, бр. 44 од 30.03.2012 година**

**Член 3**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 15 од 25.01.2013 година Член**

**9**

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 6 и 7 ставови 3, 4 и 5 од овој закон ќе се применуваат од 1 октомври 2013 година.

**Член 10**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 11**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 91 од 28.06.2013 година Член**

**5**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2014 година.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 170 од 06.12.2013 година**

**Член 1**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 185/11), во членот 5 по годината „2012“ се става запирка, а годината „и 2013“ се заменува со годините „2013 и 2014“.

**Член 2**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 185/11), во членот 6 годината „2014“ се заменува со годината „2015“.

**Член 3**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 15/13), во членот 9 датата „1 октомври 2013 година“ се заменува со датата „1 јануари 2015 година “.

**Член 4**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 97 од 26.06.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ( “Службен весник на Република Македонија“ број 170/13), во членот 3 датата: “1 јуни 2014 година” се заменува со датата: “1 јануари 2015 година”.

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 113 од 29.07.2014 година**

**Член 8**

Се овластува Законодавно правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 180 од 05.12.2014 година**

**Член 7**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 185/11), во член 5 став (1) во точката 6) зборовите: „и/или странска" се бришат.

**Член 8**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 185/11), во член 6 во став (1) во точката 6) зборовите: „и/или странска" се бришат.

**Член 9**

Во Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 170/13) во член 1 по годината „2013" се става запирка, а зборовите: „и 2014" заменуваат со зборовите: „2014, 2015, 2016 и 2017" година како и во периодот јануари – јуни 2018 година, заклучно со исплатата на плата за месец јуни 2018 година.

**Член 10**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 185/11) и Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 170/13), во член 6 зборовите "со исплата на плата за јануари 2015 година" се заменуваат со зборовите: "од 1 јули 2018 година, со исплатата на плата за месец јули 2018 година".

**Член 11**

Се овластува Законодавно правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 188 од 19.12.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 97/14) во членот 1 зборовите“1 јануари 2015” се заменува со зборовите „1 јануари 2016”.

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 20 од 12.02.2015 година**

**Член 10**

Подзаконскиот акт од членот 4 став (4) на овој закон ќе се донесе во рок од 5 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 11**

(1) Одредбите од овој закон се однесуваат за плата, дел од плата, надоместок на плата, друг надоместок и надоместок врз основа на договор за дело и/или авторски договор или друг договор за јануари 2015 година.
(2) Рокот за поднесување на пресметките на придонеси за јануари 2015 година е 20-ти февруари 2015 година, а рокот на пристигнатост за плаќање на придонесите е 25-ти февруари 2015 година.
(3) За придонесите платени пред влегување во сила на овој закон, ќе се изврши порамнување согласно одредбите на овој закон.

**Член 12**

По пристапувањето на Република Македонија во Европска Унија обврзник за плаќање на придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување е лице кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор за дело и/или авторски договор или друг договор чијшто вкупен нето износ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон.

**Член 13**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 48 од 25.03.2015 година**

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува за пресметка и уплата на придонесите почнувајќи од март 2015 година.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 129 од 31.07.2015 година**

**Член 15**

За исплата на надоместоците по основ на договори за дело и/или авторски договори или други договори заклучно со 31 јули 2015 година ќе се врши пресметување и плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување согласно одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/13, 180/14, 188/14, 20/15 и 48/15).

**Член 16**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 август 2015 година.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 217 од 11.12.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 188/14) во членот 1 датата “1 јануари 2016” се заменува со датата „1 декември 2017”.

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 190 од 17.10.2016 година**

**Член 5**

Одредбите од членот 1 на овој закон со кој во членот 13 став (1) се додава нова точка 13), член 2 со кој во членот 14 став (1) се додава нова точка 15) и член 3 од овој закон со кој во членот 18 се додава нов став (3), ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2017 година.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 171 од 28.11.2017 година**

**Член 10**

Одредбите од членот 1 со кој се менува членот 4 точката (11) од законот, членот 2 со кој се менува членот 7 ставот (1) точка 6) од законот, членот 3 со кој се менува членот 10 став (1) точка (4) од законот, членот 4 со кој се менува членот 13 точка (3) и точка (3-а) од законот и членот 5 со кој се менува членот 14 став (1) точката 12), а од точката 14) алинејата 9 се брише и се менува ставот (2) од законот, ќе отпочнат да се применуваат од 1 декември 2017 година.

**Член 11**

Одредбите од членот 6 и членот 7 на овој закон, ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2018 година.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 35 од 23.02.2018 година Член**

**3**

Одредбите од членовите 1 и 2 ќе отпочнат да се применуваат по три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 247 од 31.12.2018 година**

**Член 9**

Одредбите од членот 1 од овој закон со кои во членот 7 се додава нова точка 6-а), одредбите од членот 3 од овој закон со кои во членот 10 се додава нова точка 4-а), одредбите од членот 5 од овој закон со кои во членот 13 се додава нова точка 15) и одредбите од членот 6 од овој закон со кои во членот 14 се дополнува точката 12), ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2019 година.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.